Архивски знак: 0105
Рок на чување: Трајно год.
_______ 20 ___ година
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.34.УП.005.03

# УПАТСТВО
# ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ

Април 2022

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Проmенети страници/ точки/ глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 14.02.2017 | Прво издание | / | / |
| 02 | 11.08.2021 | Второ издние | Изменети<br><br>Нови<br><br>Избришани<br><br>Изменета нумерација | Т. 3, 4, 7, 9, 42, 50, 54, 57, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 68, 69, 70, 73, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 83, 84, 85, 86, 88, 89, 90, 92, 94, 95, 96, 98, 99, 100, 102, 106, 116, 119, 120, 123, 125, 144, 145 и 146<br><br>Т. 4, 78, 83, 84, 91, 116 и 120<br><br>Т. 44, 74, 107, 108, 109, 110, 124, 126, 127, 128, 137, 138, 139, 140, 141, 142 и 153<br>ОдТ.4 до крај |
| 03 | 15-04-2022 | Трето издание | Изменети<br><br>Нови<br><br>Избришани<br><br>Изменета нумерација | Т. 3, 63, 64, 67, 68, 69, 78, 79, 810, 83, 85, 87, 88, 89, 90, 91, 94, 96, 98, 99, 100, 109, 112, 115, 116, 119, 121, 127 и 136<br><br>Т. 58, 72, 73, 74, 75, 76, 79, 80 и 128<br><br>Т. 70, 72, 102 и 125<br><br>Од Т.58 до крај |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на Р.М." бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
# ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ

## I.Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката спроведена од страна на надлежните царински органи, вклучени во постапката извоз за облагородување, во случаи на поднесено барање за извоз за облагородување, постапка на давање на одобрение, ставање на стока во постапка, завршување на постапката и надзор при спроведување на постапката, како и посебните видови на извоз за облагородување.

2. Царинската постапка извоз за облагородување е пропишана со членовите 97-104 и 158-173 од Царинскиот закон (во натамошниот текст: ЦЗ)[1] и членовите 311-333 и 396-403 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (во натамошниот текст: УСЦЗ).[2] и член 27 од Законот за данок на додадена вредност (во понатамошниот текст ЗДДВ)[3].

3. Надлежни царински органи се:
   - Сектор за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки (во натамошниот текст: ОЦДП) – во случаи за:

     а) поднесено барање за извоз за облагородување или обновување на издадено одобрение (реиздавање) укинување и поништување на одобренија за извоз за облагородување,

     б) водење на евиденција за направените дополнителни контроли кај имателите на одобренија и управување со издадени одобренија,

---

[1] ЦЗ со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

[2] УСЦЗ со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

[3] Закон за данок на додадена вредност сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

- Надзорен царински орган - Служба за надзор на иматели на одобренија (во натамошниот текст: СНИО)– во случаи на измени на одобренија за извоз за облагородување, вршење на иницијална и теренска контрола кај подносители односно иматели, давање на одобренија во случај на поправка на стока како и надзор над правилно спроведување на постапката
- Надлежен царински орган за дополнителна контрола на спроведувањето на одобренијата за извоз за облагородување е Секторот за контрола и истраги – Одделение за контрола на трговски друштва (во натамошниот текст: ОКТД), согласно усвоениот Годишен план за контрола во трговски друштва пропишан во одредбите од Процедурата за вршење на царинска или надворешна контрола во трговски друштва[4].
- Царински испостави за ставање на стока во постапка односно завршување на постапката утврдени во рубрика 11 од одобрението за извоз за облагородување.

## I.1. Употребени поими и дефиниции

4. Поимите и дефинициите во ова упатство го имаат следното значење:
   - СОЦДАД - компјутерски систем составен од повеќе модули, од кои модулот МЕОС е модул за управување со одобренија;
   - Мерки на трговска политика - утврдени нетарифни мерки воведени како дел од трговската политика, во форма на одредби кои го регулираат увозот и извозот на стока, како што се надзор или мерки за заштита, количински забрани или ограничувања и забрани за увоз или извоз;
   - Клиент координатор - самостоен советник за царински надзор во СНИО, надлежен за вршење на иницијална контрола кај подносители, односно иматели на одобренија, изготвување на измени на одобренија за извоз за облагородување, како и надзор над правилно спроведување на постапката;
   - ИО – постапка со која се одобрува домашна стока привремено да се извезе од царинско подрачје за да се подложи на операции на облагородување, а добиените производи да бидат пуштени во слободен промет со целосно или делумно ослободување од плаќање на увозните давачки;
   - Имател на одобрение – лице кое го организира извршувањето на операциите на облагородување;
   - Добиени производи – сите производи кои се резултат на операциите на облагородување;

[4]Процедурата за вршење на царинска или надворешна контрола во трговски друштва како интерен акт е објавена во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

- Норматив – количина или процент на добиени производи добиени од преработка на одредено количество на увозна стока.

## II. Извоз за облагородување

5. Извозот за облагородување е царинска постапка со економски ефект која што овозможува целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и ДДВ за домашна стока којашто е повторно увезена како добиен производ откако претходно била привремено извезена од царинското подрачје на Република Северна Македонија и подложена на некоја од операциите на облагородување.

6. Операциите за облагородување може да бидат:
- обработка на стока вклучувајќи и нејзина монтажа, демонтажа, составување или вградување во друга стока;
- преработка на стока;
- поправка на стока, вклучувајќи и нејзино враќање во првобитна состојба и оспособување.

7. Извозот за облагородување како постапка не може да се одобри за домашна стока:
- чиј извоз дава право на враќање или простување на увозните давачки,
- која пред извозот била пуштена во слободен промет со целосно ослободување од увозни давачки заради нејзината крајна употреба.

8. Економските услови, предвидени во Прилогот 44 од УСЦЗ се сметаат дека се исполнети односно се смета дека интересите на домашните производители не се загрозени. Надлежниот орган за давање на одобрение за извоз за облагородување, во случаи кога се сомнева, може да побара докажување на економските услови. По поднесување на барање, ако постојат докази дека суштински интересите на домашните производители можат да бидат загрозени, се поднесува барање до Стопанска комора на Република Северна Македонија за проверка на исполнување на економските услови.

9. Нетарифните мерки на трговска политика се применуваат и во постапките на извоз за облагородување.

# III. Видови извоз за облагородување

## III.1. Поправка на стока

10. Постапката извоз за облагородување заради поправка се одобрува за стока која што е погодна за тоа и со поправката не се подобруваат техничките карактеристики на привремено извезената стока.

11. Надзорниот царински орган во моментот на давање на одобрение е должен од приложените документи да провери дали е можна поправка на стоката предмет на постапката.

12. Доколку царинскиот орган утврди дека приложените документи се недоволни, ќе побара дополнителни докази, а доколку подносителот на барањето не ги достави, надзорниот царински орган ќе го одбие барањето.

13. Одобрението за извоз за облагородување за поправка може да се однесува на поправка на стока која што:
- привремено е извезена и повторно се увезува;
- во случаи на старданден систем на замена, кога се увезува заменувачки производ во замена за извезената стока и
- во случаи на стандарден систем на замена, со претходен увоз на заменувачкиот производ.

14. Поправката на стоката, независно дали се врши во рамките на стандардниот систем на замена или не, може да биде со плаќање или без плаќање на трошоците за поправка, а во врска со тоа и добиените производи во моментот на увоз да бидат ослободени во целост или делумно од плаќање на увозни давачки и ДДВ.

## III.2. Стока извезена на бесплатна поправка

15. Надзорниот царински орган одобрува бесплатна поправка само доколку стоката се поправа бесплатно во гарантен рок или заради договорни обврски со производителот или заради отстранување на производна грешка на производителот откриена по пуштање на стоката во слободен промет.

16. Кон барањето за одобрување на постапката се доставува гарантен лист или договор кој претставува доказ дека поправката е бесплатна.

17. Основни услови што треба да бидат исполнети за да се одобри постапката се:
    - извезената стока да може да се поправи и
    - со поправката да не се подобруваат техничките карактеристики на стоката.

18. При повторниот увоз стоката е целосно ослободена од плаќање на увозни давачки и ДДВ.

19. Во случаи кога стоката е привремено извезена на бесплатна поправка и се утврди дека не е возможна поправката односно не може да се отстрани производната грешка, или нејзиното отстранување би било неекономично и производителот односно испорачателот одлучил истата да ја задржи, тогаш имателот на одобрение има право на враќање на увозните давачки согласно член 252 од ЦЗ.

20. Барањето за враќање на увозни давачки и ДДВ се доставува до Службата за првостепена управна постапка.

21. Барањето се доставува во рок од 12 месеци од моментот кога должникот е известен за висината на царинскиот долг.

### III.3. Стока извезена на платива поправка

22. Покрај бесплатната поправка предвидена е и можноста една стока да биде привремено извезена на поправка која што е платлива.

23. Одобрение за ваквиот вид на стока дава Службата за надзор на иматели на одобренија.

24. Основни услови кои што треба да бидат исполнети за да се одобри постапката се:
    - извезената стока да може да се поправи и
    - со поправката да не се подобруваат техничките карактеристики на стоката.

25. Во случаи кога стоката е привремено извезена на поправка и таквата поправка се плаќа, имателот на одобрение може делумно да биде ослободен од плаќање на увозните давачки.

26. Царинската вредност на стоката ја сочинуваат висината на трошоците на поправка во која се вклучени сите плаќања (во пари, стока, услуга) , под услов врз нивната висина да не влијае каква било поврзаност меѓу имателот на одобрение и лицето кое ја извршило поправката.

27. Царинскиот долг се утврдува врз основа на елементите за пресметка кои важат за добиената стока во моментот на прифаќање на царинската декларација за пуштање на стоката во слободен промет.

## III.4. Постапка на извоз за облагородување со употреба на стандарден систем на замена

28. Стандардниот систем на замена претставува вид на извоз за облагородување што овозможува употреба на увозен заменувачки производ наместо извезената стока на поправка.

29. Надзорниот царински орган може да одобри примена на стандарден систем на замена само во случаи кога поправката се однесува на домашна стока.

30. Заменувачките производи мора да имаат иста тарифна ознака, трговски квалитет и исти технички карактеристики како и стоката извезена на поправка.

31. Кога привремено извезената стока била употребувана пред извозот и заменувачките производи мора да бидат употребувани, а не нови.

32. Подносителот на барањето на надзорниот царински орган мора да му докаже дека замената не е договорена заради подобрување на техничките карактеристики на стоката.

33. Надзорниот царински орган при проверката дали подносителот ги исполнува условите за одобрување на стандардниот систем на замена може да врши проверка на склучениот договор, фактури и други придружни документи со посебен акцент на условите и начинот на плаќање.

34. При стандардниот систем на замена, одредбите на ЦЗ кои се однесуваат на добиените производи се однесуваат и на заменувачките производи, при примена на стандардниот систем на замена, целосното или делумното ослободување од плаќање на увозни давачки се утврдува согласно член 159 од ЦЗ.

35. Стандардниот систем на замена се јавува во два облика:
- без претходен увоз на заменувачките производи и
- со претходен увоз на заменувачките производи.

36. Кај стандардниот систем на замена без претходен увоз, кога истовремено се врши привремен извоз на стока на поправка и увоз на заменувачкиот производ, на царинскиот орган истовремено му се поднесува царинска декларација со која се извезува домашната стока и царинска декларација за пуштање на заменувачките производи во слободен промет. Се постапува на ист начин како кога е домашната стока претходно извезена, а дополнително се увезува заменувачкиот производ.

37. Целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се утврдува така што од износот на увозни давачки пресметани за заменувачкиот производ кој се пушта во слободен промет се одзема износот на увозни давачки кои би се пресметале истиот ден за извезената стока, кога би се увезувала во Република Северна Македонија од земјата во која била предмет на производниот процес или земјата во која била последната активност.

38. Износот кој што се одзема се одредува врз основа на елементите за пресметка кои важат за привремено извезената стока на денот на прифаќање на декларацијата со која стоката е ставена во постапка на извоз за облагородување.

39. Вкупно пресметаниот износ на царински долг, разликата на пресметаните увозни давачки и ДДВ, се запишува во рубрика 47 на увозната декларација.

40. Надзорниот царински орган може да одобри увоз на заменувачкиот производ пред да се изврши извоз на стоката за привремен извоз, односно надзорниот орган може да одобри примена на стандардниот систем на замена со претходен увоз.

41. Доколку се употребува стандардниот систем на замена со претходен увоз подносителот потребно е да достави и инструмент за обезбедување на евентуалниот царински долг и ДДВ за стоката која што се увезува.

42. Во случај на претходен увоз, стока намената за извоз мора да се извезе во рок од 2 месеци од денот кога царинскиот орган ја прифатил царинската декларација со која заменувачките производи се пуштени во слободен промет.

43. Во исклучителни случаи надзорниот царински орган тој рок може да го продолжи, но не повеќе од уште 2 месеца.

44. Во случај на претходен увоз, кај надлежниот царински орган се поднесува царинска декларација за пуштање на заменувачкиот производ во слободен промет.

45. Во моментот на пуштање на заменувачкиот производ во слободен промет не се врши ниту пресметка ниту наплата на царинскиот долг.

46. Пресметката и наплатата на царинскиот долг се утврдува со решение за пресметка на увозни давачки од страна на надзорниот царински орган пресметана по извршениот извоз на извозната стока.

47. Целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се утврдува на тој начин што од износот на увозни давачки пресметани за заменувачкиот производ кој е пуштен во слободен промет се одбива износот на увозни давачки кои би се пресметале за извезената стока, кога истата би се увезувала во Република Северна Македонија од земјата во која била предмет на производни активности или од земјата во која била последната активност.

48. При утврдување на целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки, елементите за пресметка на царинскиот долг се утврдуваат:

- за заменувачки производ - на денот на прифаќање на царинската декларација за пуштање на заменувачкиот производ во слободен промет и
- за извезената стока - на денот на прифаќање на декларацијата со која стоката се извезува.

49. Кај делумното ослободување од плаќање на увозни давачки, на утврдениот износ на царински долг не се пресметува камата. Вкупно пресметаниот царински долг (увозни давачки, ДДВ) се евидентира во рубрика 47 од царинската декларација.

50. Измената на податоците во царинската декларација со која заменувачкиот производ е пуштен во слободен промет, се врши врз основа на решението за пресметка на увозни давачки донесено од страна на СНИО.

51. Во случаи во кои имателот на одобрение не ја исполни преземената обврска и стоката не ја извезе во рок од два месеци односно во подолг рок кој е претходно одобрен, царинскиот орган ќе изврши пресметка на царинскиот долг за заменувачките производи.

52. Се смета дека царинскиот долг настанал со пуштање на стоката во слободен промет.

53. Царинскиот долг се утврдува со решение врз основа на елементите за пресметка утврдени во царинската декларација со која заменувачките производи се пуштени во слободен промет.

54. Вкупниот износ на царински долг за заменувачките производи кој е пресметан во решението (увозни давачки, ДДВ, компензаторна камата) се евидентира во рубрика 47 од царинската декларација.

55. Доколку имателот на одобрение наместо да ја извезе стоката наменета за извоз ја стави во друго царинско дозволено постапување или употреба, на пример со внесување во царински склад или слободна економска зона или со уништување, тогаш тоа мора да биде одобрено од страна на надзорниот царински орган со цел враќање на иструментот за обезбедување на евентуалниот царински долг и ДДВ.

## IV. Стока извезена за облагородување во други ситуации

### IV.1. Барање/Одобрение

56. Постапката извоз за облагородување може да се употребува само доколку надлежниот царински орган дал одобрение пред или најдоцна до датумот на првиот извоз на стока за облагородување. Во посебни околности утврдени во член 319 од УСЦЗ, одобрението може да се даде ретроактивно.

57. Барањето за одобрение се поднесува од лице кое ја врши постапката или е организатор на истата со пополнување на образец пропишан со Прилог 27 од УСЦЗ (во понатамошниот текст: барање) и во електронска форма во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (во натамошниот текст: СОЦДАД) во модулот МЕОС.

58. Кога се поднесува барањето за давање на повеќекратно одобрение за извоз за облагородување во електонска форма во СОЦДАД, во модулот МЕОС во општиот дел, во полето „Поедноставено одобрение" се избира податокот „Не".

59. Барањето во хартиена форма се пополнува согласно појаснувачките забелешки кон Прилогот 27 пропишани во УСЦЗ.

60. Кон барањето се приложуваат дополнителни докази или документи за секоја од рубриките од истото (Прилог Е од ова упатство – Список на документи). Доставувањето на прилозите и појаснувањето на рубриките од барањето е неопходно за да може истото да се разгледа и одлучи по него.

61. Барањето се доставува до надзорниот царински орган во надлежната Царинарница според местото каде се наоѓа стоката која треба да се декларира за извоз за облагородување и во електронска форма во СОЦДАД во модулот МЕОС.

62. Рокот за давање на одобрение е 30 дена од датумот на поднесувањето на барањето и неговото евидентирање кај надзорниот царински орган. Рокот престанува да тече доколку надзорниот царински орган или Секторот за царински систем презел дејствија за дополнување на барањето или доставување на дополнителна документација.

63. Раководителот на надзорниот царински орган по приемот на барањето определува клиент координатор и негов заменик за поднесеното барање. Клиент координаторот и неговиот заменик го разгледуваат барањето и приложените документи кон истото.

64. По документарната контрола, доколку се утврди дека барањето е некомплетно или недостасуваат потребни документи за негово одлучување, клиент координаторот го враќа предметот на подносителот на дополнување

на Образец за надворешна комуникација согласно Упатството за изглед и структура на документацијата[5].

Клиент координаротор при обработка на барањето во ваков случај во МЕОС го избира дејството „Барање дополнители податоци", во кој случај барањето го добива статусот „Побарани дополнителни податоци".

65. По извршената документарна контрола, клиент координаторот ја подготвува и заедно со неговиот заменик врши иницијална контрола кај подносителот на барањето..

66. Во зависност од специфичноста на поднесеното барање во иницијалната контрола може да се вклучат и вработени во Секторот за информатички и комуникациски технологии (во натамошниот текст СИКТ).

67. Подготовката за иницијалната контрола, се состои во организација на точниот датум, час и место на вршење контрола утврден во соработка со подносителот на барањето, односно одговорното лице определено од страна на подносителот. Најавата за контрола се врши по писмен пат на Образец за надворешна комуникација, а заради ефикасност во подготовката на истата може да биде извршена по телефон или електронска пошта. Во случај на комуникација по телефон или со електронска пошта клиент координаторот нотира службена забелешка на списите на досието на подносителот.

68. Подготвителни активности кои треба да се преземат пред иницијалната контрола, а со цел да се утврди дали барателот ги нуди сите потребни гаранции за правилно спроведување на постапката се и:
- прибирање на податоци од електронскиот систем на Царинската управа како, извештаи за увоз, извоз и транзит извршени од страна на подносителот на барањето;
- прибирање на податоци со цел да се увиди дали подосителот на барањето во рамките на извршување на својата дејност е сторител на царински прекршок;
- прибирање на податоци во врска со изречени мандатни казни (од ЕДМС);
- прибирање на податоци од извршени контроли и поднесени кривични пријави;
- прибирање на податоци поврзани со дополнителни наплати по разни основи

[5] Упатство за изглед и структура на документацијата со сите обрасци, како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

- прибирање на други податоци за подносителот кои што може да се добијат преку интернет пребарување.

69. Собраните податоци пред извршување на иницијалната контрола претставуваат составен дел од досието на подносителот.

70. Иницијалната контролата се врши во деловните простории на подносителот на барањето во кои се води евиденцијата за спроведување на постапката, во рамките на работното време на подносителот на барањето и во работен ден. Во оправдани исклучителни случаи (пандемија, криза, вонредна состојба и друго) контролата кај подносителот на барањето може да се спроведе и преку платформи за дигитална комуникација.

71. Со контролата се врши проверка на фактичката состојба на податоците дадени од страна на подносителот на барањето и се врши проверка на условите потребни за давање одобрение за извоз за облагородување.

72. По завршување на иницијалната контрола се изготвува Записник од извршена контрола на Останати обрасци, во кој се наведува што било предмет на контролата и што е утврдено при истата. Еден примерок од Записникот од извршена контрола се доставува на барателот на произнесување или отстранување на утврдените недостатоци, определувајќи му рок од 8 дена. По барање на подносителот, клиент координаторот може одобрениот рок од 8 дена да го продолжи.

73. По завршување на иницијалната контрола клиент координаторот за поднесенето барање изготвува Записник по поднесено барање на Останати обрасци.

74. Записникот по поднесно барање треба да ги содржи најмалку следниве елементи:
- основни податоци за подносителот на барање (податоци како назив, седиште, ЕДБ, законски застапници, одговорни лица и сл.);
- основни податоци за поднесеното барање (правен основ, барања и податоци на кои се базира поднесеното барање и сл.);
- податоци и информации од извршената контрола (време, место, службени лица кои ја извршиле иницијалната контрола);

- утврдени факти со иницијалната контрола како (деловна активност на подносителот, структура на трговското друштво, внатрешна организација, систем на водење на евиденција, движење на стока и сл.);
- заклучок дали подносителот на барањето ги исполнува условите за давање одобрение, базиран врз основа на поднесеното барање со сите прилози и спроведената иницијална контрола.

75. Изготвениот Записникот по поднесено барање е составен дел од досието на имателот на одобрение.

76. Записникот по поднесено барање со сите списи кон предметот и 01.30.34.УП.005.03-ОБ.01.03 Мислење за исполнетост на услови за давање одобрение за извоз за облагородување се доставува до ОЦДП при Секторот за царински систем за донесување соодветна одлука.

77. Клиент координаторот, во модулот МЕОС, го избира дејството „Предлог за издавање", по што барањето е во статус „Предлог за одобрување на барање (издавање на одобрение)".

78. Одобрение за извоз за облагородување дава Секторот за царински систем, кој го евидентира одобрението и со одобрување во модулот МЕОС му се доделува единствен број на одобрение (AUN) кој имателот го користи при комуникација со царинските органи, а согласно Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат[6] (во натамошниот текст: Правилник за ЕЦД). Статусот на барањето во модулот МЕОС е „Одобрено барање (издавање на одобрение)".

79. Во зависност од сложеноста на поднесеното барање или по случаен избор, при давање на одобрението Секторот за царински систем може да изврши проверка на податоците од поднесеното барање кај подносителот на барањето.

80. За дополнителната проверка на барањето, Секторот за царински систем изготвува извештај на Останати обрасци, кој претставува составен дел на барањето односно одобрението.

[6] Правилникот за начин на пополнување на Царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат како екстерен документ е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

81. Доколку подносителот на барањето не ги исполнува условите Секторот за царински систем го одбива барањето и изготвува Решение на Образец - одлуки и решенија. Во модулот МЕОС, надлежниот царински службеник, ја пополнува контролната листа (резултати од проценка) и причината за одбивање на барање и продолжува со дејството со што статусот на барањето е „Предлог за одбивање на барање" и добива статус „Барањето е одбиено".

82. Важноста на одобрението за извоз за облагородување за имател кој по прв пат поднесува барање е со рок од 1 година.

83. Одобрението се издава во форма на Образец (Прилог 27 од УСЦЗ) во 3 (три) истоветни примероци од кои еден за имателот на одобрение, еден примерок за Секторот за царински систем и еден за надзорниот царински орган. Со издавањето на одобрението барањето во модулот МЕОС е во статус „Издадено одобрение".

## IV.2. Евиденција

84. Имателот на одобрение е должен да води евиденција за стоката која е ставена во постапка, освен во случаи кога царинскиот орган ќе оцени дека не е потребно да води евидениција. Истата треба да овозможи надзор над постапката, како и да ги содржи следните податоци:
а) број на одобрение за извоз за облагородување;
б) РБД на декларација со која стоката се става во царинска постапка, како и податок за начин на завршување на постапката (број на декларација за повторен увоз и др.);
в) податоци кои овозможуваат идентификација на царински документи (кои не се царински декларации), сите други документи соодветни за ставање на стока во постапка на извоз за облагородување и завршување на постапката;
г) вид на производствени активности;
д) норматив или метода за пресметка
ѓ) податоци кои овозможуваат следење на стоката;
е) трговски или технички опис на стоката потребен за утврдување на истоветноста на стоката.

85. Царинскиот орган може да одобри некој од овие податоци да не се евидентираат, кога тоа не влијае на контрола на постапката за извоз за облагородување, како и да одобри да се применува книговодствената евиденција на имателот на одобрение, доколку ги содржи сите потребни

податоци и на царинскиот орган му овозможува надзор и контрола на постапката на извоз за облагородување.

### IV.3. Постапка за измена или обновување на одобрение

86. Во случаи кога станува збор за измена на дадено одобрение надлежен орган за давање на измената е надлежната царинарница, преку надзорниот царински орган, додека во случај на обновување на одобрението (реиздавање) надлежен орган е Секторот за царински систем.

#### IV.3.1. Постапка за измена на одобрение

87. Постапката за измена започнува со поднесување на барање Прилог 27 од УСЦЗ и во електронска форма во СОЦДАД во модулот МЕОС.

88. Поднесеното барање за измена се пополнува само во оној дел односно рубрика која ќе се изменува, односно дополнување. Останатите рубрики во кои не се бара измена не се изменуваат. Статусот на одобрението во модулот МЕОС е „ Ново барање за измена на издадено одобрение ".

89. По документарна проверка на бараната измена, доколку се исполнети условите за одобрување, клиент координаторот ја изготвува измената на одобрението. Доколку е потребно и во зависност од бараната измена, пред изготвување на истата, надзорниот царински орган врши иницијална контрола на податоците од истата кај имателот на одобрение и постапува согласно точка 72 од ова Упатство.

90. Врз основа на извршената контрола, во случај кога се исполнети условите за одобрување на измената, клиент координаторот ја подготвува измената, согласност дава раководителот на надзорниот царински орган и се одобрува од управникот на надлежната царинарница. Со издавањето на измената на одобрението барањето во модулот МЕОС е во статус „Издадено одобрение".

91. Доколку барањето за измена на одобрение не ги исполнува условите за давање на одобрение, надзорниот царински орган го враќа барањето од подносителот на дополнување на Образец надворешна комуникација. Клиент координаторот при обработка на барањето во ваков случај во МЕОС го избира дејството „Барање дополнителни податоци", во кој случај барањето го добива статусот „Побарани дополнителни податоци".

92. Во случај кога имателот не постапи по дадените забелешки, надзорниот царински орган го одбива или отфрла барањето со Решение на Образец - одлуки и решенија. Во модулот МЕОС надлежниот царински службеник ја пополнува контролната листа (резултати од проценка) и причината за одбивање на барањето и продолжува со дејството со што статусот на барањето е „Предлог за одбивање на барање" и и добива статус „Барањето е одбиено".

### IV.3.2. Постапка за обновување на одобрение (реиздавање)

93. Постапката за обновување на одобрение започнува со поднесување на барање од Прилог 27 од УСЦЗ до надзорниот царински орган и во електронска форма во СОЦДАД во модулот МЕОС.

94. Потребните документи и прилози кон барањето за обновување предвидени се во Прилог Е од ова упатство.

95. Имателот на одобрение пожелно е барањето за обновување да го достави до надзорниот царински орган еден месец пред истекот на крајниот рок на важечкото одобрение. Во овој случај во модулот МЕОС се поднесува „Барање за измена" на одобрение, се менуваат податоци кои се разликуваат од претходното одобрение.

96. По приемот на барањето раководителот на надзорниот царински орган веднаш го доделува на клиент координаторот надлежен за имателот на одобрение.

97. Клиент координаторот врши проверка на барањето дали од формална страна рубриките се пополнети на соодветен начин и врши увид во досието на имателот со цел да се утврди дали и кога е извршена редовна контрола кај имателот, во рамките на надзорот над правилно спроведување на постапката.

98. Доколку при формалната проверка на барањето и доставените прилози се утврдат недостатоци, клиент координаторот постапува согласно одредбите во глава IV.1. - Барање/Одобрение на ова Упатство.

99. Кога ќе се утврди дека условите за обновување на одобрение се исполнети, клиент координаторот го изготвува Записник по поднесеното барање на Останати обрасци на кој согласност дава раководителот на надзорниот орган

и предметот се доставува до Сектор за царински систем на одобрување. Во модулот МЕОС, клиент координаторот го избира дејството „Предлог за издавање", по што барањето е во статус „Предлог за одобрување на барање (издавање на одобрение)".

100. Во Записникот се наведуваат податоците како во точка 74 од ова Упатство.

101. Одобрението се издава во форма на Образец (Прилог 27 од УСЦЗ). Со издавање на одобрението, барањето во модулот МЕОС е во статус „Издадено одобрение", при што се задржува бројот од претходното одобрение.

102. Важноста на обновеното одобрение изготвено Образец во Прилог 27 од УСЦЗ за извоз за облагородување може да биде со рок на важност од една до три години.

## IV.4. Поедноставено давање на одобрение

103. Можност за поедноставено давање на одобрение постои доколку операциите на облагородување се однесуваат на поправка вклучувајќи го и стандардниот систем на замена.

104. Постапката започнува со поднесување на барање до надзорниот царински орган пред поднесување на царинската декларацијата за ставање стока во постапка кај царинската испостава, на образецот на поедноставено барање за давање на одобрение - Прилог X - од ова Упатство, како и во модулот МЕОС.

105. Кога се поднесува барањето за поедноставено давање на одобрение за извоз за облагородување во електронска форма во СОЦДАД, во модулот МЕОС во општиот дел, во полето „Поедноставено одобрение" се избира податокот „Да".

106. Услов за користење на можноста за поедноставено давање на одобрение е царинскиот орган за ставање на стока во постапка, за завршување и надзор над постапката да се наоѓаат во рамките на иста царинарница.

107. Госпоменатите царински органи мора да бидат во местото каде се води главното книговодство на подносителот на барање.

108. Во случај на поедноставено давање на одобрение царинскиот орган може да побара и дополнителни податоци кои што не се содржани во царинската декларација, а се потребни за одобрување на барањето.

109. Дополнителните податоци се доставуваат на посебен Прилог X од ова Упатство, содржи податоци како:
- вид на облагородување;
- технички опис на стоката;
- начин на идентификација на стоката;
- норматив;
- рок за завршување на постапката и
- место на извршување на облагородување.

110. Во случај кога не се исполнети соодветните услови, надзорниот царински орган изготвува Решение на Образец - одлуки и решенија, со кое поедноставеното барање за давање на одобрение се одбива и за тоа го известува подносителот на барањето. Во модулот МЕОС, надлежниот царински службеник ја пополнува контролната листа (резултати од проценка) и причината за одбивање на барањето и продолжува со дејството со што статусот на барањето е „Предлог за одбивање на барање", кое понатаму добива статус „Барањето е одбиено".

111. Поедноставено давање на одобрение може да се употребува повремено. Доколку извозникот постојано бара поедноставено барање на одобрение, надзорниот царински орган може да одбие да го одобри барањето и да го упати на поднесување на барање за давање на одобрение за извоз за облагородување во редовна постапка.

112. Рокот на важност на поедноставеното одобрение е рок потребен да се завршат предвидените операции на облагородување и повторно да се увезат добиените производи и тој рок не смее да надмине 12 месеци.

### IV.5. Постапка на поништување или укинување на одобрение

113. Надлежен орган за поништување и укинување на одобрение е Сектор за царински систем.

114. Постапката за поништување односно укинување на одобрение ја започнува надлежниот надзорен царински орган.

115. Одлука за поништување на одобрение се носи доколку одобрението е дадено врз основа на неточни и нецелосни податоци за кои подносителот знаел или требало да знае дека се неточни или нецелосни.

116. Во предлогот за поништување на Образец за интерна комуникација, се наведуваат неточните и нецелосните податоци врз основа на кои е дадено одобрението за извоз за облагородување, како и начинот на нивно откривање и осознавање.

117. Решение за поништување на одобрението се донесува со избирање на дејството „Поништување на одобрение" во модулот МЕОС и на образец Образец - одлуки и решенија од надлежниот царински службеник во ОЦДП.

118. Одлука за укинување се носи доколку имателот на одобрение не ги исполнува обврските кои му се дадени во одобрението.

119. При поднесување предлог за укинување од страна на надлежниот надзорен орган, во него се наведуваат сите повреди на обврските од страна на имателот кои се утврдени во одобрението.

120. Решение за укинување на одобрението се донесува со избирање на дејството „Укинување на одобрение" во модулот МЕОС и на образец Образец - одлуки и решенија од помошник директорот на Секторот за царински систем.

121. Одлуката со која се поништува односно укинува одобрение за извоз за облагородување се доставува до имателот на одобрението и до надзорниот царински орган.

122. Секторот за царински систем може да донесе нова одлука од ист вид и за исто лице по истекот на една година од датумот кога одобрението е поништено односно укинато.

## V. Ставање на стока во постапка

123. Стоката се става во постапка на извоз за облагородување во рамките на рокот на важење на одобрението.

124. Стоката се става во постапка на извоз за облагородување врз основа на:
- царинска декларација во редовна постапка;

- непотполна декларација;
- поедноставена декларација во случај на поедноставена постапка за декларирање или
- запишување на стоката во евиденцијата во случај на постапка на локално царинење.

125. Царинската декларација во редовна постапка се поднесува кај одобрениот царински орган наведен во рубрика 11-а од одобрението.

## VI. Завршување на постапката

126. Постапката извоз за облагородување се завршува врз основа на:
- царинска декларација во редовна постапка;
- непотполна декларација;
- поедноставена декларација во случај на поедноставена постапка за декларирање или
- запишување на стоката во евиденцијата во случај на постапка на локално царинење.

127. Рокот за завршување на постапката е утврден во одобрението за извоз за облагородување во рубрика 13.

128. Царинската декларација за повторен извоз во редовна постапка се поднесува кај одобрениот царински орган наведен во рубрика 11-б од одобрението.

129. Доколку имателот на одобрение ставил стока во постапка со повеќе декларации и не може да се утврди кои добиени производи се добиени од која извезена стока, во тој случај постапката се завршува редоследно почнувајќи од стоката опфатена со царинската декларација која е најрано ставена во постапка.

130. Кон царинската декларација, покрај документите за спроведување на постапката се поднесува и:
- спецификација на вредност кога се употребува метод на додадена вредност - Прилог Ѓ од ова Упатство – Спецификација за вредност или
- спецификација на вредност кога се употребува метод на разлика меѓу давачките – Прилог Д од ова Упатство – Спецификација за вредност.

131. Методот на додадена вредност претставува начин на целосно или делумно ослободување од плаќање на увозните давачки и ДДВ, кој се пресметува на износот на трошоците за облагородување на стоката зголемени за транспортните и други трошоци добиените производи да се вратат на царинското подрачје.

132. Методот на додадена вредност не може да се употреби доколку стоката пред да биде ставена во постапка на извоз за облагородување била:

- пуштена во слободен промет со царинска стапка нула и
- е стока која не е со домашно потекло.

133. Доколку за добиените производи не може да се употреби методот на додадена вредност, имателот на одобрение мора да го употреби методот на разлика меѓу давачките.

134. Методот на разлика меѓу давачките претставува начин на целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и ДДВ, кој се пресметува така што од износот на увозните давачки кои што се пресметуваат за добиениот производ кој што се пушта во слободен промет се одзема износот на увозните давачки кои би се пресметале на истиот ден за стоката ставена во постапка на извоз за облагородување.

## VII. Надзор на постапката

135. Надзорниот царински орган врши надзор над правилно спроведување на постапката извоз за облагородување од страна на имателите на одобренија.

136. За секој имател на одобрение надзорниот царински орган односно одговорниот клиент координатор води досие.

137. Досието ги содржи сите потребни податоци кои се однесуваат на имателот на одобрение вклучувајќи го поднесеното барање за извоз за облагородување врз основа на кое е дадено одобрението, сите подготвителни активности и сите видови комуникација преземени за проверка на барањето и контрола на одобрението, како и забелешки односно извештаи изготвени по истите, сите документи кои имателот ги поднесува до надзорниот царински орган заради исполнување на своите обврски наведени во одобрението и извештаи од извршени контроли.

## VIII. Преодни и завршни одредби

138. Надлежни за постапување по ова Упатство се сите царински службеници од надлежните царинарници, Секторот за царински систем и Секторот за контрола и истраги.

139. Надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

140. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова Упатство се раководителите на организационите единици надлежни за постапување.

141. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.

142. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

143. Секое постапување спротивно на одребите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

144. Се задолжува Секторот за царински систем веднаш по донесувањето на ова Упатство да го направи достапно за сите вработени и да го објави на интранет страницата на Царинската управа во согласност со Процедурата за депозитар на документација.

145. Со донесување на ова Упатство, престанува да важи 01.30.34.УП.005.02 Упатството за извоз за облагородување бр. 01-048231/21-0001 од 11.08.2021 година.

146. Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Директор,
м-р Славица Кутиров

Број: 01-048231/21-0002
Скопје, 15 -04- 2022 година

Изработил: Соња Филевска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

Прилози:

1. Прилог 27 од УСЦЗ
2. Прилог X – Поедноставено давање на одобрение
3. Прилог Е – Список на документи
4. Прилог Ѓ – Спецификација за вредност - метод на додадена вредност
5. Прилог Д – Спецификација за вредност – метод на разлика меѓу давачките
6. 01.30.34.УП.005.03-ОБ.01.03 Мислење за исполнетост на услови за давање одобрение за извоз за облагородување

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

# МИСЛЕЊЕ ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ

## I. Податоци за барателот

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Име на барателот: | | |
| 2 | Даночен број: | | |
| 3. | Барање за одобрение за извоз за облагородување/број и датум на барање (наш број): | | |
| 4. | **Исполнување на критериумите за одобрение:** | | |
| | а) Подносителот: | | |
| | – е лице регистрирано во РСМ | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | – има систем за внатрешна контрола | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | – има воспоставено систем за евиденција на стоката ставена во постапка | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | – ги нуди сите потребни гаранции за правилно спроведување на постапката | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | – царинскиот орган може да врши надзор и следење на постапката | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | б) Добиените производи може да се утврди дека се резултат на операциите на облагородување на стоката за привремен извоз ? | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | в) Постапка на извоз за облагородување не може сериозно да им наштети на основните интересите на производителите во Република Северна Македонија (економски услови). | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| | г) Подносителот има намера редовно да ја спроведува бараната постапка ? | ☐ ДА | ☐ НЕ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | д) Подносителот нема сторено тешка или повеќекратна повреда на царинските и даночните прописи и не е сторено тешко дело во врска со економската дејност ? | ☐ ДА | ☐ НЕ |

**МИСЛЕЊЕ од СНИО:**

**Исполнети се условите за давање одобрение за извоз за облагородување**

☐ ДА

☐ НЕ, наведи образложение:

(печат и потпис)

## Прилог 27 (обрасци на барање и одобрение)

# ОБРАСЦИ НА БАРАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ
(Членови 208, 209, 312 и 316)

## ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Формата на образецот не е строго определена; на пр. наместо рубрики царинскиот орган може да одреди образецот да биде со линии или ако е потребно просторот определен за рубриката да се прошири.

   Меѓутоа, редните броеви и соодветниот текст се задолжителни.

2. Царинскиот орган може да одреди рубрики или линии за национални потреби. Овие рубрики или линии се означуваат со реден број и голема буква (на пр. 5А).

3. Начелно рубриките со редни броеви напишани со црни масни букви задолжително се пополнуваат. Забелешките се однесуваат на исклучоците.

4. Појаснувачките забелешки треба да ги содржат шифрите за економските услови за увоз за облагородување согласно со Анекс 44.

## Барање/одобрение за извоз за облагородување

.............................................................
(Број на одобрение)

| | |
|---|---|
| **1. Подносител/Имател на одобрение** | Орган кој го дал одобрението |
| 1а. Ова одобрение се однесува на вашето барање (број и датум) | |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Царинска постапка** | **3. Вид на одобрение** | 4. Дополнитални обрасци |
| **5. Место и вид на книговодство/евиденција** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. Рок на важење на одобрението** | | | | |
| а | | б | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7. Стока која може да се стави во царинска постапка** | | | |
| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Добиени или облагородени производи** | | |
| Тарифна ознака | Опис | Норматив |
| | | |

| |
|---|
| **9. Податоци за планирани активности** |
| **10. Економски услови** |

| | |
|---|---|
| **11. Царински орган** | |
| а. | **за ставање во постапка** |
| б. | **за завршување** |
| в. | **надзорен орган** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **12. Идентификација** | **13. Рок за завршување (месеци)** | **14. Поедноставена постапка** | | | | **15. Пренесување** |
| | | а | | б | | |

| |
|---|
| 16. Дополнителни податоци/услови (на пр. барана гаранција) |

| | | |
|---|---|---|
| **17.** | | |
| **Датум** | **Потпис** | **Печат** |
| | **Име** | |

**Дополнителен образец**

| | |
|---|---|
| | ..................................................<br>(број на одобрение) |

| | |
|---|---|
| 18. Систем<br><br>без претходен извоз<br><br>со претходен извоз | |
| 19. Заменувачки производи | |
| Тарифна ознака | Опис |
| | |
| 20 . Член 397 (2) | |
| 21. Дополнителни податоци | |
| 22.<br>Датум | **Потпис**<br><br>**Име** / **Печат** |

ПРИЛОГ X

**ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ - Поедноставено давање на одобрение (чл. 314 од Уредбата за примена на ЦЗ)**
(задолжителен прилог кон царинската декларација)

| **Царински орган:** | **Број/година на царинската декларација** (*пополнува царинскиот орган*): |
|---|---|

**1. Подносител на барање за давање на одобрение**

Назив
........................................................................................................................

Седиште
........................................................................................................................

Град
........................................................................................................................

Даночен број
........................................................................................................................

Контакт лице ........................................................................ тел.бр. ............................................

електронска пошта ..............................................................................................................

**2. Вид на облагородување :**

- ☐ Поправка во гарантен рок
- ☐ Поправка (платива, надвор од гарантен рок)
- ☐ Систем на замена без претходен увоз
- ☐ Систем на замена со претходен увоз

**3. Стока која се извезува:**

| **Тарифна ознака** | **Опис трговски/комерцијален** | **Количина** | **Вредност** |
|---|---|---|---|
| ............................ | .................................................... | .................................. | .................................. |
| ............................ | .................................................... | .................................. | .................................. |
| ............................ | .................................................... | .................................. | .................................. |
| ............................ | .................................................... | .................................. | .................................. |

**4. Истоветност на стоката (начин на идентификација):**

5. Добиени производи:

| Тарифна ознака | Опис трговски/комерцијален | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| ............................... | ........................................................ | ....................................... | ....................................... |
| ............................... | ........................................................ | ....................................... | ....................................... |
| ............................... | ........................................................ | ....................................... | ....................................... |
| ............................... | ........................................................ | ....................................... | ....................................... |

6. Норматив на изработка или метод за утврдување на нормативот:

7. Рок за завршување на постапката:

8. Место на извршување на облагородувањето:

Име на одговорно лице и потпис:

Место и датум:

Печат на подносителот:

**Прилог Д (спецификација за вредност)**

# ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ-СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВРЕДНОСТ

**Метод на разлика помеѓу давачките**

| | |
|---|---|
| А<br>Одобрение бр. од<br>Имател на одобрение: | Б<br>Надзорен царински орган:<br>Извозна декларација бр. од |

**Повторен увоз на стока по облагородување**

| В<br>**Обележете ја постапката** | Облагородување<br>☐ | | Стандарден систем на замена<br>☐ |
|---|---|---|---|

Доколку замената на стоката во гарантен рок е бесплатна, спецификацијата на вредноста подолу не се пополнува освен ако имателот на одобрение ги платил трошоците од рубрика Е

| | |
|---|---|
| Г **Царинска вредност на извезената стока** | Ден 1 |
| Д Вредност на употребените материјали испорачани од страна на имателот на одобрение кои не се извезени од Македонија. | Ден 2 |
| Ѓ Трошоци на облагородување според фактура: | Ден 3 |

| Валута и износ | Девизен курс |
|---|---|
| | |

Е Услови на испорака:____________________

Трошоци за враќање на стока во Македонија — Ден 4

| **Вид на трошоци** | **Денари** |
|---|---|
| Транспорт | |
| Осигурување | |
| Пакување | |
| Друго | |
| **Вкупно трошоци** | |

| | |
|---|---|
| Ж **Вкупно трошоци (2 + 3 + 4)** | Ден 5 |
| З **Царинска вредност на повторно увезената стока (1 + 5)** | Ден 6 |

Ѕ **Царински давачки за увезената стока** — Ден 7

| **Тарифна ознака** | **Царинска вредност** | **Царинска вредност (6)** |
|---|---|---|
| | | |

И **Царински давачки за извезената стока *** — Ден 8

| **Тарифна ознака** | **Царинска вредност** | **Царинска вредност (6)** |
|---|---|---|
| | | |

* ако постој ат повеќе од еден вид стока, се пренесува единствено вкупниот износ на увозни давачки од спецификацијата подолу

| | |
|---|---|
| Ј **Пресметан износ на увозни давачки (7 - 8)** | Ден 9 |
| К **ДДВ за увезената стока (18% од (6 + 9))** | **Ден** |

**Л Декларација**

Горенаведените податоци се точни.

Стоката која во моментот на извоз била домашна стока или стока ставена во постапка на увоз за облагородување била извезена со извозната декларација наведена во рубрика В. Кога стоката била извезена не било извршено никакво враќање на увозни давачки и ДДВ.

**Стандарден систем на замена**

Заменувачките производи

- имаат иста десетоцифрена тарифна ознака од Царинската тарифа
- имаат ист трговски квалитет
- имаат исти технички карактеристики како и

извезената стока.

**Бесплатна поправка или замена на стоката**

Стоката била поправена/заменета без никакви трошоци (вклучувајќи го транспортот итн) за имателот на одобрение поради обврските од гаранцијата или поради производна грешка. Кога стоката отпрвин била декларирана за слободен промет грешката не била земена предвид при утврдување на царинската вредност и царинската стапка.

**Љ**

Датум:

Име и презиме на потписникот Потпис

## СПЕЦИФИКАЦИЈА-ИЗВЕЗЕНА СТОКА

| Тарифна ознака | Царинска стапка | Царинска вредност | Увозни давачки |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Царинска вредност и увозни давачки на извезената стока** | | * | ** |

* да се пренесе во (1)

** да се пренесе во (8)

## Прилог Ѓ (спецификација за вредност)

## ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ-СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВРЕДНОСТ

### Метод на додадена вредност (член 402 УСЦЗ)

| | |
|---|---|
| А<br>Одобрение бр. од<br>Имател на одобрение: | Б<br>Надзорен цармински орган:<br>Извозна декларација бр. од |

**Повторен увоз на стока по облагородување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| В<br>**Обележете ја постапката** | Облагородување<br>☐ | Поправка<br>☐ | |

Доколку замената на стоката во гарантен рок е бесплатна, спецификацијата на вредноста подолу не се пополнува **освен** ако имателот на одобрение ги платил трошоците од рубрика Г

| | |
|---|---|
| Г Вредност на употребените материјали испорачани од страна на имателот на одобрение кои не се извезени од Република Северна Македонија. | Ден 1 |
| Д Трошоци на облагородување/поправка според фактура: | Ден 2 |

| Валута и износ | Девизен курс |
|---|---|
| | |

Ѓ Услови на испорака:____________________

Трошоци за враќање на стока во Македонија

| **Вид на трошоци** | **Денари** |
|---|---|
| Транспорт | |
| Осигурување | |
| Пакување | |
| Друго | |
| **Вкупно трошоци (3)** | |

Ден 3

| | |
|---|---|
| **Е Царинска вредност на повторно увезената стока (1 + 2 + 3)** | **Ден 4** |
| **Ж Царински давачки за увезената стока** | Ден 5 |

| **Тарифна ознака** | **Царинска стапка** | **Царинска вредност (4)** |
|---|---|---|
| | | |

| | |
|---|---|
| **З ДДВ за увезената стока (18% од (4 + 5))** | **Ден 6** |

**Ѕ Изјава**

Горенаведените податоци се точни.
Стоката која во моментот на извоз била:
- домашна стока со потекло од Република Северна Македонија, или
- домашна стока увезена од други земји и пуштена во слободенпромет со царинска стапка различна од нула, или
- стока во постапка на увоз за облагородување

била извезена со извозната декларација наведена во рубрика Б. Кога стоката била извезена не било извршено никакво враќање на увозни давачки и ДДВ.

**Бесплатна поправка или замена на стоката**

Стоката била поправена без никакви трошоци (вклучувајќи го транспортот итн) за имателот на одобрение поради обврските од гаранцијата или поради производна грешка. Кога стоката отпрвин била декларирана за слободен промет грешката не била земена предвид при утврдување на царинската вредност и царинската стапка.

И
Датум:
Име и презиме на потписникот:
Потпис:

**Прилог Е**

## СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ

**За подносител на прво барање**

1. Барање (Прилог 27 од УСЦЗ)
2. Административна такса за барање 50,00 денари и за одобрение 500,00 денари
3. Решение од Централен регистар како Прилог кон рубрика 1 од барањето
4. Завршна сметка за последната година
5. Биланс на успех за последната година
6. Извештај за извршена контрола (иницијална или дополнителна)
7. Местото на облагородување и операциите на облагородување (рубрика 9 од Прилог 27 од УСЦЗ)
8. Примерок од евиденцијата која се води за предметната постапка (рубрика 5 од Прилог 27 од УСЦЗ)
9. Прилог список на тарифни броеви за стока која ќе се става во постапка (рубрика 7 од Прилог 27 од УСЦЗ))
10. Прилог список на тарифни броеви на добиени производи (рубрика 8 од Прилог 27 од УСЦЗ)
11. Мислење од Секторот за сметководство и финансии, Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи
12. Мислење од Одделението за царинско – управна постапка и застапување пред судовите
13. Мислење од Секторот за контрола и истраги
14. Мислење од Комисијата за одлучување по прекршок
15. Уверение издадено од УЈП за платени даноци и придонеси
16. Потврда издадена од Централен регистар дека против подносителот не е изречена забрана за вршење на дејност
17. Потврда издадена од Централен регистар за отворена ликвидациона постапка
18. Потврда од Централен регистар за отворена стечајна постапка

Прилозите со реден број од 11 до 14 ги обезбедува надзорниот царински орган по службена должност.

## СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ

**За имател на одобрение кој поднесува барање за обновување на одобрение**

1. Барање (Прилог 27 од УСЦЗ)
2. Административна такса за барање 50,00 денари и за одобрение 500,00 денари
3. Прилог список на тарифни броеви за стока која ќе се става во постапка (рубрика 7 од Прилог 27 од УСЦЗ))
4. Прилог список на тарифни броеви на добиени производи (рубрика 8 од Прилог 27 од УСЦЗ)
5. Местото на облагородување и операциите на облагородување (рубрика 9 од Прилог 27 од УСЦЗ)
6. Извештај за извршена редовна контрола
7. Изјава од имателот на одобрение која се однесува на видот на евиденцијата на стоката ставена во постапка
8. Други документи кои надзорниот орган ги смета за се потребни за обновување на одобрението

## СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ

**За имател на одобрение кој поднесува барање за измена на одобрение**

1. Барање (Прилог 27 од УСЦЗ) – покрај рубрика 1 од барањето се пополнува само онаа рубрика за која се бара измената на одобрение
2. Административна такса за барање 50,00 денари и за одобрение 500,00 денари
3. Прилог кој се однесува на бараната измена

ЗАБЕЛЕШКА: Списокот на документи претставува ориентационен незадолжителен список. Видот на документи кои царинскиот орган ќе ги побара или обезбеди зависи од видот на поднесеното барање, условите кои треба да се исполнат за давање на одобрение и специфичноста на лицето подносител на барањето за извоз за облагородување.